# НОВИНАРСКИ ПРИРАЧНИК

# СОДРЖИНА

10 Етички кодекс на Новинарската асоцијација на Норвешка

28 Кодекс на новинарите на Македонија

39 Типови на новинари

48 Новинарски жанрови според Дојче Веле

4 На почеток

7 Новинарството е...

25 Новинарот...



# На почеток

Новинарите и новинарството во Македонија ја губат битката – сега веќе и сосема отворена – со постојаното настојување на власта цврсто да ги држи под контрола. Токму тоа, како и наметнатите поделби на „патриоти“ (наши) и „предавнци“ (сите други), предизвикаа конфликти и меѓу новинарите, а новинарството го втурнаа во синдром на самоуништување.

Власта се дрзнува јавно да ги пребројува и дели медиумите и новинарите на подобни и неподобни, узурпирајќи ги не само слободата на медиумите туку и основното право на човекот на сопствено мислење.

Замолчани се и затворени три весника и една ТВ станица, познати по својот критички однос кон власта. Актуелната власт поради „непослушност“ го стави под директна  контрола и Советот за Радиодуфузија, иако според Законот е независно регулаторно тело.

Како последица на кризата во која западна новинарството, во Македонија речиси секојдневно се кршат и

девалвираат основните норми на професијата, етичките принципи, кодексот и практиките на добро однесување.

Новинарскиот прирачник го подготви тимот на Цивил Медиа - Центар за медиуми и слобода на говорот, организациона единица на Цивил - Центар за слобода, врз основа на искуствата и документи на Норвешка, Германија, Велика Британија и Македонија. Има за цел новинарите, уредниците и сите вработени во сферата на медиумите да ги потсетува на основните професионални правила и етички вредности.

Новинарството во Норвешка, според својата етичност, професионалност и улога во општеството, се вбројува меѓу најдобите во Европа. Прегледот на новинарски жанрови и изрази е подготвен врз искуствата и практиките на Deutsche Welle и на германската школа на новинарство. Поглавјето за интегритет и професионалност на новинарот е преземен од Media Ideas International, Велика Британија.

Благодарност до сите кои со добра мисла помогнаа  во подготовка на Прирачникот.

*Скопје, август 2011*




Новинарството е...
...спротивставување
на сите видови
дискриминација,
ограничувања,
исклучивост,
нетрпеливост,
неправди,
притисоци,
насилство...
...една од
најодговорните,
најдоблесните, но и
најтешките професии.

# Новинарството е...

**...секојдневно трагање по вистината, бесконечна борба за право и правда.**




**...постојано поместување на границите на слободата и правата на човекот, отворање на нови простори на демократијата, промовирање на највисоки морални и културни вредности, хуманост.**



# Етички кодекс на Новинарската асоцијација на Норвешка

Етички кодекс на стандарди и практики за медиуми – печат, радио, телевизијата и интернет публикации на Norwegian Press Association. Задолжително е секој уредник, новинар и член на редакција да се запознае со овие етички стандарди на новинарството и да ја темели својата работа врз овој Етички кодекс. Овој кодекс го опфаќа целокупниот новинарски процес – прибирање на информации, истражување и публикување.

## 1. УЛОГАТА НА ПЕЧАТОТ ВО ОПШТЕСТВОТО

**1.1.** Слободата на говорот, слобода на информирањето и слободата на медиумите се основни столбови на демократијата. Сободата и независноста на новинарството и медиумите се меѓу најважните основи на едно демократско општество.

**1.2.** Новинарството има клучна улога и функција во информирањето за тековните настани и движења, дебатите и критичките коментари за овие настани. Притоа, посебна одговорност на новинарството е да овозможи различните погледи за одредени прашања да бидат точно изразени и пренесени.
**1.3.** Новинарството треба да ја брани слободата на говорот, слободата на информирањето и принципот на слободен пристап до изворите на информации и до официјалните документи. Новинарите и медиумите не смеат да попуштат пред каков и да е притисок, од каде и да доаѓа, а чија цел е да се попречат отворените дебати, слободниот проток на информации и слободниот пристап до изворите. Договорите за ексклузивно известување од некој настан не треба да го исклучуваат и спречуваат независното известување на новинарите.
**1.4.** Право и обврска на новинарството е да објавува информации за она што се случува во општеството, да ги лоцира и да ги открие прашањата кои би требало да бидат подложени на критика. Обврска на новинарството е да ги отстрани сомневањата и критиките за тоа како

медиумите ја остваруваат нивната улога.
**1.5.** Обврска на новинарите и на медиумите е да ги заштитат поединците и групите од неправди или дискриминација, извршени од страна на јавни органи и институции, од приватни претпријатија, или било кој друг.

## 2. ИНТЕГРИТЕТ И ОДГОВОРНОСТ

**2.1.** Одговорниот уредник носи законска, лична и целосна одговорност за материјалите публикувани во медиумот, без оглед во која форма се објавени.
**2.2.** Секој уредувачки колегиум и секој од вработените во медиумот мора да го заштитуваат својот интегритет и кредибилитет, со цел да бидат слободни, да делуваат независно од било кои поединци или групи кои, од идеолошки, економски или други причини, можеби ќе сакаат да извршат влијание врз уредувачката ориентација.
**2.3.** Членовите на редакцијата не смеаат да прифатат нарачки или обврски, финансиска поддршка или други влијанија со кои се создава конфликт на интереси во однос на нивната уредувачка задача. Не смеат да се допуштат работи кои би

можеле да влијаат врз кредибилитетот на новинарите и на редакцијата.

**2.4.** Членовите на редакцијата не смеат да ја користат нивната позиција за стекнување на лична корист.

**2.5.** Уредник или член на редакцијата не смее да нареди да се напише или да се направи нешто што е спротивно на неговото или нејзиното убедување.

**2.6.** Мора да постои јасна дистинкција меѓу рекламите и уредувачката ориентација и да се отфрли секој обид таа поделба да се наруши или прекине. Рекламите кои имаат интенција да ја имитираат или да ја искористат уредувачката ориентација, треба да бидат отфрлени, бидејќи можат да ја поткопаат довербата во уредувачкиот интегритет и во независноста на медиумот.

**2.7.** Никогаш не смее да се вети уредувачка услуга во замена за реклами. Прилогот треба да биде објавен како резултат на размислувања и определба на редакцијата. Мора јасно да се види дека од витално значење е разликата помеѓу новинарството и комерцијалната комуникација, како и дека таа се одржува и покрај поставување на линкови на веб страницата или на други видови контакти.

**2.8.** Кршење на правилата на добро однесување е ако се дозволи спонзорството да изврши притисок или влијае врз уредувачката определба, содржините и начинот на нивната презентација.

**2.9.** Член на редакцијата не може да прифати задачи од никого, освен од уредниците во редакцијата.

## 3. НОВИНАРСКИ КОДЕКС И ОДНОСИ СО ИЗВОРИ

**3.1.** Изворот на информацијата, по правило, треба да се идентификува, освен ако тоа може да влијае врз безбедноста на изворот, или поради внимание кон трета страна.

**3.2.** Мора да се биде критичен при изборот на изворот и да се провери дали се точни доставените информации. Добра практика е да се настојува при избор на изворите тие да бидат разновидни и релевантни. Ако се користат анонимни извори, или на новинарот/медиумот им се нуди ексклузивност, мора да се применат особено строги критериуми за проверка и за критичко оценување на

изворите. Особено внимание треба да се применува кога се работи со информации од анонимни извори, со информации од извори кои сами нудат ексклузивност, како и со информации обезбедени од извори во замена за надомест.

**3.3.** Потребно е особено внимателно однесување и разјаснување на условите при објавување на интервју. Истиот пристап е потребен и при спроведување и објавување на истражување.

**3.4.** Новинарите ги штитат изворите на информации. Штитењето на изворите е основен принцип во слободно општество, клучен предуслов новинарството да може квалификувано да ги исполнува своите обрски кон општеството и да обезбеди пристап до информации од суштинско значење.

**3.5.** Не смее да се открие името на човек кој обезбедува доверливи информации, освен со експлицитно дадена согласност од негова страна.

**3.6.** Почитувајќи ги изворите на информирање и независност на новинарството, необјавените материјали, по правило, не треба да бидат откриени на трети лица.

**3.7.** Обврска на новинарите при

известувањето е директните мислења да ги објавуваат во цитати. Директните наводи/цитатите мораат да бидат точни.

**3.8.** Евентуалните промени во дадена изјава треба да бидат ограничени само на корекции на фактичките грешки. Освен уредувачкиот орган, никој не може да интервенира во уредувањето или презентацијата на содржините.

**3.9.** Новинарските истражувања треба да се спроведуваат внимателно. Особено треба да се внимава со луѓе од кои не може да се очекува да бидат свесни за тоа дека нивните искази можат да имаат последици. Никогаш не смее да се злоупотребуваат емоциите или чувствата на луѓето, нивниото незнаење или неспособност за расудување. Не смее да се заборави дека луѓето во состојба на шок или тага се многу поранливи.

**3.10.** Скриена камера/микрофон или лажен идентитет може да се користи само во  специјални околности. Овие средства можат да се користат само ако таквите методи се единствениот можен начин да се откријат случаи што се од суштинско значење за општеството.

**3.11.** Новинарите/редакциите по

правило не им плаќаат на изворите или на соговорниците за информации. При селективна примена на плаќање постои можност вестите да бидат неточни. Неспоиво со добрата практика е да се воведе систем на плаќање за да ги привлече луѓето, бидејќи истите може да ги доведе во искушение, и тоа од две причини: поради нарушување на приватноста на другите или откривање на чувствителни лични информации.

## 4. ПРАВИЛА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ

**4.1.** Непристрасно и правично, внимателно и сериозно, треба да се определат  содржината и презентацијата.
**4.2.** Јасно мора да се разграничи што се факти и информации, а што е коментар (на авторот).
**4.3.** Секогаш мора да се почитува интегритетот на личноста, неговиот идентитет, приватноста, расата, националноста и вероисповеста. Никогаш не треба да се пишува за лични или приватни аспекти, ако тие се ирелевантни.
**4.4.** Треба да се биде сигурен дека насловот, воведот и лидот се во склад и произлегуваат од она што е содржано во

текстот. Во склад со практиката на добро однесување е да се наведе изворот, доколку информацијата е преземена од друг медиум.

**4.5.** Особено мора да се внимава на презумпција на невиност при известување за настани поврзани со криминал или при известувања од судења. Мора да биде јасно дека за секој, без оглед дали има оправдано сомненевање, дали е поднесена пријава или обвинение, вината се утврдува само со правосилна судска одлука. Во склад со добрата практика е да се објави конечната судска одлука за постапки за кои е пишувано претходно.

**4.6.** Кога се известува за несреќи или за криминал, секогаш мора да се внимава како тоа може да влијае врз жртвите и нивните најблиски. Не се објавува идентитет на жртви или на исчезнати лица, доколку претходно за тоа не се информирани најблиските. Мора да се покаже почит кон луѓето кои се во тага или во состојба на шок.

**4.7.** Претпазливо мора да се објавуваат и користат имиња, фотографии и други знаци на идентификација на лица кои се поврзани со некои спорни или казниви дела. Потребна е особена

внимателност кога се работи за случаи во рана фаза на истрагата, за малолетни престапници, како и за случаи во кои идентификувањето може да предизвика несакани последици кон трета страна. Идентификацијата мора да биде основана и легитимна само кога има потреба од таква информација. Легитимно е, на пример, ако се идентификува некој кога постои непосредна опасност од напад врз беспомошни лица, во случај на сериозна опасност да се повтори злосторството, ако идентитетот или општествената положба се очигледно релевантни за случајот, или кога идентификацијата штити невини од неоправдано сомневање.

**4.8.** При известување за деца, практика на добро однесување е, во секој поединечен случај, медиумите да се фокусираат на импликациите кои би можеле да ги предизвикаат. Ова се однесува и кога одговорното лице или родителот, се согласува на публицитет. Правило е идентитетот на децата да не биде објавен во извештаи за семејни спорови, во случаи што се предмет на разгледување од страна на власта, или при згрижување од страна на судовите.

**4.9.** Особена претпазливост е потребна

при известување за самоубиство или обид за самоубиство. Известувањето треба да содржи само општи, неопходни информации. Треба да се одбегнува опис на начинот, или некои други прашања кои можат да придонесат за понатамошно провоцирање на самоубиствени акции.

**4.10.** При користење на фотографии во било кој друг контекст надвор од оригиналниот, мора да се биде внимателен.

**4.11.** Кредибилитетот на новинарската фотографија треба да се заштити. Доколку сликите се користат од документација, тоа не смее да биде на начин со кој се создава погрешен впечаток. Манипулирање со фотографии може да се прифати само како илустрација, ако е очигледно дека тоа е слика колаж.

**4.12.** Објавувањето на фотографии мора да биде усогласено со барањата за претпазливост што се применуваат при пишана или усна презентација.

**4.13.** Неточните информации мора да се исправат, а кога има барање за извинување тоа мора да се даде/објави колку е можно побргу.

**4.14.** Оние кои биле изложени на тешки

обвинувања треба, доколку е тоа можно, да им се овозможи симултан одговор во однос на фактичките информации. Дебатите, критиките и објавувањето на вести, не смее да биде попречено од страни кои не се подготвени да дадат свои коментари или да учествуваат во дебатата.

**4.15.** Оние кои биле предмет на напад, треба да имаат можност да одговорат што е можно побргу, освен ако нападот и критиките се дел од размена на мислења што се во тек. Секој одговор треба да биде во разумна должина, во релација со темата и во пристојна форма. Одговорот може да се одбие, доколку страната за која станува збор ја отфрли, без објективни причини, понудата за презентирање на свои забелешки за истото прашање. Одговорите и учеството во дебата не треба да бидат проследени со полемичен редакциски коментар.

**4.16.** Треба да се внимава на последиците што можат да ги предизвикаат дигиталните покажувачи и линкови, доколку таквите електронски медиуми не се во согласност со Етичкиот кодекс. Мора да се внимава линковите до други медиуми или публикации да бидат

јасно означени. Практика на добро однесување е да се известат корисниците на интерактивни сервиси за профилот на публикацијата, како и за условите под кои можат да ја користат.

**4.17.** Уредувачкиот тим треба да обезбеди дигиталните разговори да не можат да се преуредуваат и тоа треба да им се стави на јасен начин на оние што пристапуваат на страниците. Уредувачкиот тим има посебна одговорност за брзо отстранување на делови кои не се во согласност со Етичкиот кодекс.

*Осло, ноември 2007 година*

**Благодарност до Норвешката Прес Асоцијација, која што се согласи нејзиниот Етички кодекс да биде печатен во Прирачникот.**


Freedom
of Speech

# Новинарот...

**...секогаш пишува за читателот, гледачот, слушателот, за „обичниот човек“. Заедно со него трага по вистината и се бори за неа, отвора нови простори на слободите и правата на човекот.**



**...никогаш не смее да го потценува умот на „обичниот човек“ пишувајќи невистини, полувистини, прикривајќи факти, застанувајќи само на една страна, со што се девалвираат новинарството како професија и личниот интегритет. Вистината секогаш, иако по правило макотрпно и бавно, излегува на виделина.**

# Новинарот...

**...кој открива грешки, пропусти и недоследности, власта и центрите на политичка и бизнис моќ не го сакаат, но имаат почит кон него и настојуваат да го стават под своја контрола.**

**...во секојдневната стресна трка со настаните и времето, може да западне во рутина, да згреши и греши. Никој не е натчовек. Новинарот, меѓутоа, не смее да си дозволи непочитувањето на професионалните стандардни етичките норми. Во спротивно, најдоблесно е да го напушти новинарството, заради професијата и заради себе.**

!

# КОДЕКС НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

Донесен од Здружението на новинари на Македонија и обврзувачки документ, не само за неговите членови, туку и за сите новинари и медиумски работници.

**ПРИНЦИПИ НА ОДНЕСУВАЊЕ:**

Слободата на медиумите е неприкосновено право.

Основна задача на новинарите е да ја почитуваат вистината и правото на јавноста да биде информирана во согласност со член 16 од Уставот на Република Македонија.

Новинарите имаат улога да пренесуваат информации, идеи и мислења и право да коментираат. Почитувајќи ги етичките вредности и професионалните стандарди во пренесувањето на информациите, новинарите ќе бидат чесни, објективни и точни.

Право и должност на новинарите е да настојуваат да ја спречат цензурата и искривувањето на вестите.

Следејќи ја својата улога во градењето на демократијата и на цивилното општество, новинарите ќе ги бранат човековите права, достоинството и слободата, ќе го почитуваат плурализмот на идеите и ставовите, ќе придонесуваат за јакнење на правната држава и во контролата на власта и на другите субјекти од јавниот живот.

## ВРЗ ОСНОВА НА ОВИЕ ПРИНЦИПИ И ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ:

**1**. Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес.

Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи.

До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави.

Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**2**. Ако новинарот е спречен да дојде до бараната информација има право за тоа да ја информира јавноста.

**3**. Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.
**4**. Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити.
**5**. Новинарот ќе ги почитува законите во државата, но нема да објави или сокрие ништо што е во спротивност со јавниот интерес.
**6**. Новинарот не смее да го користи медиумот за објавување или прикривање информации за стекнување лична корист.

Митото, корупцијата и изнудувањето се неспојливи со новинарската професија.

Не смее да се дозволи рекламирањето и другите комерцијални мотиви да влијаат врз слободата на информирањето.

Треба да постои разграничување меѓу рекламирањето и новинарскиот текст со илустрацијата.
**7**. Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес.

Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост.

**8**. Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми.

Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда.

**9**. Новинарот не смее да интервјуира или фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето.

Истото се однесува и за лица со посебни потреби, кои не се во состојба свесно да расудуваат.

**10**. Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).

**11**. Новинарот ќе се придржува и на општо прифатените општествени стандарди на

пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија.

**12**. Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот.

**13.** Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

**14**. Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите треба да биде непристрасно и избалансирано.

Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.

**15.** Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката.

Неспојливо со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста.

**16**. Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.

**17.** Новинарот има право да одбие работна задача до колку е во спротивност со принципите на овој Кодекс.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:

Новинарите кои работат во согласност со овој Кодекс ја уживаат поддршката на својата медиумска куќа и на својата професионална организација.
Во согласност со законите на Република Македонија, новинарите ќе го прифатат судот во однос на професијата само од своите колеги и ќе бидат надвор од политичко и друго влијание.
За почитувањето на принципите од Кодексот се грижи Советот на честа на Здружението на новинарите на Македонија.

**Скопје, ноември 2001 година**

# НОВИНАРИТЕ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

## Прилог кон Кодексот на новинарите на Македонија

Секој подарок или услуга што може да влијаат врз објективното информирање се смета за корупција.

Секое искористување на новинарската професијата, функцијата, јавното овластување и службената должност и положба, за создавање на каква било корист за себе или друг субјект, се смета за корупција во новинарството.

Како можни извори на корупцијата се сметаат: носители на јавни функции, избрани и именувани функционери, стопанственици, политички партии, образовни, здравствени, верски, спортски и културни организации, владини и невладини организации, медиумски куќи и поединци.

За директна корупција се смета давање, примање и изнудување на незаконска материјална или друга добивка за остварување на корист за новинарот или медиумот.

За индиректна (скриена) корупција се сметаат: - Организирање на патувања, семинари, советувања. - Протежирање на одредени новинари и редакции како придружба на официјални делегации, како и давање на услуги и средства под по-властени услови со цел придобивање на новинарите за премолчување на релевантни факти за јавноста, како и за позитивни и афирмативни текстови.

Изнудување материјална и нематеријална добивка од страна на новинарот со уцена да објави или не одредена информација која може да му наштети на одреден субјект, исто така се смета за корупција. За елиминирање на корупцијата во својата професија, новинарите на Македонија се залагаат за следниве принципи:

Новинарскиот еснаф се спротиставува на обидите за поткуп и корупција на своите колеги и јавно ќе ги посочи таквите случаи, доколку ги има.

Се бори за искоренување на корупцијата во сопствените редови.

Ја смета за неспојлива работата на новинарот со каков било политички ангажман.

Се залага за спречување на дискриминацијата на државните органи кон медиумите.

Се залага за транспарентност на сопственоста и финансиското работење на медиумите.

Инсистира на доследна примена на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Соработува со релевантни организации и институции, медиуми, невладиниот и приватниот сектор, домашни и странски независни експерти и меѓународната заедница.

**Скопје, јануари 2009**

# НОВИНАРСКИ ИНТЕГРИТЕТ

**Новинарите имаат должност да останат одвоени и на дистанца од оние кои ја имаат моќта.**

**Обврска на новинарите е да ја истражуваат работата на извршните органи, да бараат нивна одговорност, но тоа можат да го направат само доколку имаат интегритет.**

**Новинарите мора да имаат одговорност кон јавноста, исто како што политичарите треба да имаат одговорност кон оние што ги избрале.**

**Во спротивно имаме таканаречени новинари, компромитирани од политиката и политичарите, кои се сведуваат на улога на нивни пропагандисти (ПР) или на обични гласноговорници.**

**Новинари без интегритет на јавноста и оневозможуваат пристап до информации, а општеството останува без информации неопходни да функционира на нормален и коректен начин.**


PRESS

# ТИПОВИ НА НОВИНАРИ

*Организацијата Media Ideas International од Велика Британија е основана од David Brewer, долгогодишен новинар и уредник за политички теми на BBC, консултант во CNN и Al Jezeera. Последниве години работи како консултант за медиумска стратегија, главно во земји во транзиција и пост-конфликтни периоди. Врз основа на богатото искуство дефинира седум карактеристични типови на новинари, меѓу кои е категоријата вистински Новинар.*

**ЛОВЕЦ:** Неуморно ги следи политичарите. Следи секаква трага. Овој новинар не се откажува додека не го освои својот плен. Има водечка сила и не им верува на политичарите, дури и кога тие ја кажуваат вистината. Но, на ловецот често му недостасува објективност и широк поглед. Неговиот придонес за изострување на сфаќањето на јавноста е под знак прашање.

**АКТИВИСТ**: Посветен на својата кауза. Ќе се бори со секој политичар што е против неа, а ќе го поддржи оној што се согласува со каузата. Овој новинар може да биде воден од едноумие и да се ограничи само во една димензија. За него е тешко да најде рамнотежа. Тешко може да прифати различна перспектива и да понуди баланс, понекогаш и само затоа што рамнотежата може да влијае на концептот што однапред сака да го реализира. Активистот ужива да биде маченик и често ризикува самиот да се претвори во сторија, наместо да ја води и покрива.

**ПРИЈАТЕЛ:** Станува близок пријател со политичарите и ретко ја доведува во прашање нивната позиција. Често застапува гледиште дека политичарот е во право, без разлика на доказите за спротивното. Ќе му прави услуги на политичарот, но има и граници - најчесто ако види дека може да биде разоткриен. Овој новинар секогаш е подготвен да подаде рака, доколку оцени дека покривањето на сторијата може да биде од корист и за него и за политичарот. Новинарот пријател се движи како што дува ветерот,  лесен е за манипулирање.

**ПОСЕДУВАН:** Тој е „сопственост“ на политичарот и зависи од него поради порано воспоставени компромиси или преголема зближеност. Својот новинарски интегритет најверојатно го загубил уште во раниот развој. Најверојатно ќе објави било што по желба на политичарот, без да поставува прашања. Овој новинар е само малку повеќе од неплатен член на тимот за односи со јавност на истиот политичар. Тој ужива во „расфрлање“ со имиња на познати и блискост со влијателните.

**ЧЛЕН НА ПАРТИЈА:** Прави сé за да ја прикрие својата припадност, но сепак ја покажува во својот тон, избор на теми и неговата способност (или неспособност) во поставување на истражувачки прашања. Овој новинар ќе потроши многу време во оцрнување на политичките ставови на оние со кои не се согласува. Најчесто се препознава според ентузијазмот кон друга тема, која за други, помалку компромитирани новинари, воопшто не постои. Овој новинар ќе го брани таквиот избор наспроти секакви логички размислувања.

**ЛЕЖЕРЕН:** Јас ќе ти го штитам грбот, ти мојот. Зошто да се караме кога двајцата може да живееме удобно и профитабилно? Кој ќе знае? Овој новинар ја гледа својата работа како егзистенција и задолжение само во работно време од 9 до 5. Вообичаено ужива во добро вино и храна. На сите партии им е на располагање за отворање „афера” и смета дека тоа е фер, непристрасно и независно поставување.

**ВИСТИНСКИ НОВИНАР:** Слободен од партиски врски. Има интегритет и не може да биде купен. Има професионална страст, ја бара вистината, праведно и фер известува и вклопува повеќе мислења, дури и кога иститe можат да го ослабнат концептот на приказната. Подготвен е да истражува сé што сака. На никого не гледа надвор од границите на критичкиот став. Тој е реален во однос со човековата природа. Вистинскиот новинар ја бара вистината.

# ИНТЕГРИТЕТ, ЕТИКА, ПРОФЕСИОНАЛНОСТ

Новинарот секогаш мора да остане независен од државните и партиски интереси. Никогаш не поддржува јавно ниту една организација, производи, услуги или активности.

Доколку содржината што ја продуцира наметнува нечија агенда, спинува, фаворизира дел од општеството или сака да наметне резултат, тоа не е новинарство туку се сведува на  копија на односи со јавноста  (ПР) или на нечија пропаганда.

Вистинското новинарствотo базира врз уредувачка етика со која мора да биде исполнет секој новинар. Направете проверка, одоговорете на следниве прашања. Повторувајте го повремено овој мини–тест, особено ако почувствувате дека сте западнале во рутини, стереотипи или имате некаков проблем.

## Десет прашања за етиката

1. Која е мојата цел како новинар?
2. Која е мојата лична мотивираност?
3. Дали можам да ги инкорпорирам оние со различни мислења и спротивставени идеи?
4. Дали во еднаква мерка можам да ги вклучам мислењата со кои јас не се согласувам?
5. Кои се сопствениците, кои се нивните мотиви?
6. Што би било ако би се смениле улогите? Како би се чувствувал?
7. Смеам ли целите што би ги избрал јас да ги ставам во агенда?
8. Кои се можните последици од моите постапки – на краток и на долг рок?
9. Кои се моите алтернативи да ја максимизирам мојата одоговорност да ја кажувам вистината и да ја минимизирам штетата?
10. Дали можам да ги оправдам и потврдам моето размислување и моите одлуки пред моите колеги, сопствениците и пред јавноста?

David Brewer љубезно ги отстапи овие содржини за потребите на Прирачникот. На неговиот **www.mediahelpingmedia.org** има низа значајни и корисни текстови за етиката, интегритетот и професионалноста на новинарот.

# НОВИНАРИ, МОЌ, ПРИТИСОЦИ...




**Новинарот постојано е изложен на прикриени или отворени притисоци од извори кои сакаат да наметнат своја вистина, да остварат само свои цели.**

**Притисоците се најчести и најсилни од власта – државната, нејзините институции, политичките и бизнис центри на моќ и поединци поврзани со нив, вклучувајќи ги и сопствениците на медиумите.**

**Власта, по дефиниција, не ги сака новинарите, но сака да ја искористи нивната моќ. Новинарите, по дефиниција, треба да се на дистанца од власта.**




**Власта и центрите на моќ, ниту ги сакаат, ниту ги почитуваат поединците кои низ медиумите се нејзини апологети и еднострани поддржувачи. Не ги смета за новинари туку за државни чиновници и сопствени слуги.**



# НОВИНАРСКИ ЖАНРОВИ

## Според правилата на Deutsche Welle (DW)

Новинарството е динамична професија со постојано нови, различни, секојдневни предизвици. Нема и не може да има готови рецепти, а успешноста зависи од индивидуата. Има, меѓутоа, основни професионални норми и правила, практика на добро однесување, што треба да ги познава и применува новинарот кој сака да работи одговорно и професионално.

Врз основа на искуствата на Дојче Веле во прирачников се поместени основните правила што треба да ги знае и применува секој новинар кој сака да биде успешен, како и медиумот што сака да има влијание и публика.

Основно е понудата на вести, извештаи, прилози и на други, повисоки, новинарски изрази во секој медиум, да ги содржи најаважните и најактуелните новости на денот, од државата и од светот. Вестите, како и другите новинарски изрази, треба да бидат избалансирани, јасни и разбирливи за читателите, гледачите

или слушателите, да содржат новост и да бидат значајни и интересни за да го привлечат вниманието на публиката.

## • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • ВЕСТ

Веста е основниот, најбрзиот, најмасовниот и најважниот новинарски израз, врз кој се градат сите повисоки форми.

Основно и најважно за веста е во прв план да бидат новоста, нејзината вредност и значење. Ако ги нема овие елементи, нема вест. Иако основен род, веста се прави според основни правила што треба да се почитуваат.

1. Принципот на растечка важност мора најстрого да се почитува. Тоа значи дека најважното во веста – нејзината срцевина, секогаш мора да биде во првата реченица. Не помалку е важно и зборовите во правата реченица да се подредуваат според важноста.

2. Пет најважни прашања на кои веста мора да одговори се: Кој? Што? Каде? Како? Зошто? Редоследот постојано се менува. Новинарот одредува кој од овие

елементи ќе биде во првата реченица, со која ќе почне веста.

3. Пишувањето мора да е со едноставни и разбирливи зборови и со користење на кратки реченици. Текстот, пишан или изговорен, мора да биде јасен и разбирлив. Цитатите мораат да бидат јасно означени. Во говорени вести, важно е повторувањето на поимите. Синонимите се тешко разбирливи за слушателите и гледачите. Проблематични се и странските зборови. Ако не е можен директен превод, тогаш мора да се објасни описно.

4. Веста не смее да содржи директен коментар. Односот на новинарот кон настанот или темата за која пишува, по правило, се изразува низ тоа со кој елемент ја почнал веста, како и со нејзината структура.

5. При пишување на вест се користи простор колку што е потребен да се разбере суштината на новоста, настанот. По правило, во зависност од медиумот, веста не е подолга од една минута или 14-15 реда или 150 зборови пишан текст. Веста, по правило, има четири

пасуса, графички одвоени. Првиот - лидот, ја изразува срцевината на веста, следните два или повеќе ја објаснуваат новоста, настанот. Последниот пасус е бекграунд - дообјаснување, потсетување и поврзување со некој поранешени или сличен настан.

Исклучок е итна вест (breaking news) која, најбрзо и накратко известува за вонредни политички настани, природни катастрофи, големи несреќи. Првата вест може да биде напишана во една до две реченици, и не мора и не може да ги содржи сите елементи.

## • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • ИЗВЕШТАЈ

Како и кај веста, предност има актуелниот настан. Понекаде извештајот се нарекува и проширена вест. За разлика од веста, извештајот не е строго структуриран според принципот на скратена јасност. Меѓутоа, мора да даде одговор на најважните пет прашања содржани во веста. Содржи повеќе елементи, детали и објаснувања.

Извештајот мора да биде балансиран. Однос на авторот мора да биде ориентиран кон суштината, разумен

и критички. Авторот известува без да коментира или да шпекулира. Ниту во изборот на зборови не смее да експериментира. Извештајот, или онлајн прилогот, мора да биде напишан јасно и со разбирлив јазик.

Должина до 2 минути, 30-тина реда или околу 300 зборови.

## • • • • • • • • • • • ПРИЛОЗИ ЗА РАДИО И ТВ

Овие прилози содржат, исто така, чиста вест, но со повеќе детали и контекст за актуалните теми. Прилогот ја објаснува атмосферата.

За разлика од веста, авторот се појавува пред публиката. Неговиот говор мора да биде јасен, разбирлив и прецизен. Структурата на прилогот е праволиниска, посебните делови се логично поврзани.

Оригиналните тонови на прилогот му даваат автентичност и веродостојност. Прилози без оригинални тонови се исклучок и тие мораат да бидат многу куси.

Освен оф-тонови, извештајот може да содржи и атмосфера (атмо) на пример звуци во заднината од демонстрации пред парламент.

Оф-тоновите содржат важни изјави (на пример, признавање на изборни резултати), лични ставови, интерпретации или објаснувања (зошто се загубени изборите), различни аргументи поврзани со темата, чувства или атмосфера (како поразениот го прифатил изборниот резултат). Оф-тоновите мораат да содржат јасни изјави и ставови, а не да се користат само колку да ги има.

## • • • • • • • • • • • • • • • • ОНЛАЈН ПРИЛОГ

Релативно понов новинарски израз, кој содржински не се разликува од „класичните". Предноста е што со користење на техниките прилогот се прави разновиден и интересен. Кај онлајн прилозите во основа треба да се користат куси реченици. Потребно е користење и на меѓунаслови за читателот и натаму да биде анимиран да продолжи да чита.

Како максимална должина за овој вид прилози се претпочитаат најмногу 65 реда, околу 650 зборови. Подолгите текстови треба да се обработат во повеќе прилози. Широките теми можат да бидат обработени во повеќе прилози што ќе бидат модуларно обработени, посебно

со користење на прилози од архивата. Цитати од интервјуа, односно оригинални тонови, се интегрираат во текстот и не треба графички да се одделуваат. Подолгите цитати се преформулираат во индиректен говор.

Тизерот (поднасловот) мора да гради содржинско единство. Тој е дел од текстот и претставува скица на темата што се обработува (има функција и на најава). Онлајн прилозите можат да бидат дополнети со други внатрешни и надворешни линкови, како и со соодветни видео и аудио содржини.

## • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • ИНТЕРВЈУ

Главното прашање во изборот на соговорникот за интервју гласи: зошто токму тој се прашува за некоја тема? Каква корист ќе има публиката од тоа интервју? Што е целта на интервјуто? Веднаш треба да се каже каква содржинска поврзаност има интервјуираниот со конкретната тема.

Интервјуто е целно насочена размена на прашања и одговори преку кои ќе се добијат информации. Цел е во најкусо можно време од личноста што се интервјуира да се добијат јасни и доволно

опширни информации. Од една страна, интервјуто е посебна новинарска форма. Од друга, пак, добиените информации можат да бидат користени како вести, извештаи или коментари. За сите интервјуа важи: прашаниот е главната личност. Неговите искази се најважниот дел од интервјуто. Новинарот што го води интервјуто се однесува како посредник меѓу интервјуираниот и слушателите, гледачите или читателите. Неговите прашања се кратки, прецизни и најчесто насочени кон постигнување на целта на интервјуто. Тој мора да биде неутрален и да се воздржува од можни емоции што би произлегле од одговорите. Неговото мислење не смее да дојде до израз.

Најважно е претходно да се соберат факти, да се вршат истражувања за темата и личноста што се интервјуира. Со тоа, пред да почне интервјуто треба да биде јасно до каде се „црвените линии“ и која е целта што треба да се постигне. Новинарот мора да размисли како ќе постигне интересен и напнат разговор и какви конфликти може  да предизвика. Новинарот мора да задржи однос на ориентираност кон суштината, разумност и критичност. Ако интервјуираниот е

екстензивен, смее да го прекине, но тоа да биде учтиво, за интервјуираниот да се натера да зборува јасно.

Интервјуто во пишана форма, печатено и на Интернет, се пренесува со прашањата во курзив, а одговорите со нормални букви, и се одделува со празен ред. Исто така, и податоците за интервјуираниот се испишуваат во курзив во интервјуто.

## • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • КОМЕНТАР

Суштината на коментарот се состои од лични позиции и вреднувања. Мора да биде сосема јасно како и зошто некој го застапува своето мислење. Авторот во фокусот ги става настанот или информацијата низ сопствена призма на посматрање. Препорачливо е да се поставaт и можни противаргументи. Мислењето на коментаторот не смее да се исцрпи со општи констатации или генерални апели. При коментирањето авторот користи стил кој сигнализира блискост со публиката, за да не се добие впечаток дека станува збор за експерт кој им се обраќа на експерти.

## • • • • • • • • • • • • • • • • • • • РЕПОРТАЖА

Со поимот репортажа се означува новинарска стилска форма која раскажува за просторно и временски ограничена сторија. Репортерот известува од перспектива на очевидец. Во ТВ репортажата репортерот може да настапи пред камерата и како актер. Репортажата ја отсликува суштина на некој настан.

Репортерот смее фактите да ги дополни со сопствени впечатоци. Во идеален случај, авторот раскажува без да вреднува или да коментира. Истовремено, репортажата ја одбележуваат и емоции и спонтаност.

Репортерот самиот на публиката и пренесува чувства за истражувањето или настанот на кој и самиот присуствувал или го видел. Тој овозможува поглед во светови кои на публиката главно и се туѓи.

Репортажата опишува настани, доживувања, импресии. Таа е колоритна и емоционална форма на претставување која пренесува факти, атмосфера и бекграунд.

Репортажата, за разлика од извештајот, не само што информира, туку овозможува доживување за да допре не само до

умот на публиката, туку и до чувствата на слушателот, гледачот, читателот.

## • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • ФИЧЕР

Фичерот е новинарска форма кој дава опширен поглед кон опшестевени, економски и теми од културата. За разлика од репортажата која во фокусот има конкретни настани и личности, фичерот осветлува зависности или бекграунд содржини.

Фичерот формално го бележи неговата должина. Формално тој претставува комбинација од репортажа и бекграунд. Должината и комплексноста од авторот бараат драматуршки концепт и најчесто почнува со сценски пристап кој расветлува поединичен случај. Најчесто се менуваат сценски елементи со обработка на факти.

## • • • • • • • • • • • • • •ПРЕГЛЕД/БЕКГРАУНД

Бекграундот донесува сеопфатни помалку познати информации за јасно зацртана и избрана тема. Односот на авторот е ориентиран кон суштината, разумен и критичен.  Тој ја претставува темата подредена според контекстот.

Бекграундот содржи факти, искази, ставови на учесници и експерти. Тој дава преглед со помош на различни ставови, без тие да се вреднуваат. Авторот на бекграундот може да анализира, но не смее да коментира.

## • • • • • • МОДЕРАЦИЈА – ВОДИТЕЛСТВО

Модерацијата го води слушателот или гледачот кон темата и одговара на прашањето: зошто денес овој прилог е важен? Таа содржи важни насоки или информации што не ги содржи самиот прилог. Модерацијата – најавата, дава насоки за контекстот и релевантноста за темата. Не смее да биде преполна со факти. Водителот не смее да коментира. Главната цел е да се привлече слушателот или гледачот. Најавата и почетокот на прилогот претставуваат целина и затоа мора  да се избегнуваат повторувања. Се користи едноставен и разбирлив говор.

## • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • ТОКШОУ

Во токшоуто до израз доаѓа јавен разговор за важни теми. Важно е поканетите гости да имаат различни

погледи или лични ставови за одредена тема. Решавачко за успехот на едно токшоу е гостите своите ставови за време на дебатата да ги пренесуваат динамично и аргументирано, дури и контроверзно и за тоа да ја добијат вистинската можност – временски и без непотребно прекинување од водителот. Тој, пак, не смее да дозволи дебатата да се претвори во чиста полемика, ниту да се позиционира на некоја од страните.

## • • ВОКС ПОПУЛИ (ГЛАСОТ НА НАРОДОТ)

Како што кажува и името, вокс попули се гласови од народот. Тие се користат за став, односно како јавно мислење, и претставуваат куси изјави од „засегнати“ или „минувачи“ и радо се користат од страна на репортерите во нивните прилози за радио и ТВ за да ја подвлечат автентичноста на извештајот. Важно е тие никогаш да не се третираат како репрезентативни, ниту да се сметаат како анкети. Важно е, исто така, тие да бидат балансирани. Авторот не смее „гласот на народот“ да го користи како средство за сопственото мислење.

# ЗА ПРОЕКТОТ

***Новинарски прирачник*** е дел од проектот *Повеќе од прирачник* кој го спроведува Цивил - Центар за слобода во соработка со Здружение на новинари на Македонија, како и со поддршка од Media Helping Media (Велика Британија).

Проектот го финансира Амбасадата на Кралството Норвешка (Royal Norwegian Embassy) во Скопје.

Овој проект е дел од Годишната програма на Цивил, поддржана од Програмата Civica Mobilitas, финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), а имплементирана од Центарот за институционален развој (ЦИРа).

**Овде наведените мислења се мислењата на авторот/ите и нужно не ги рефлектираат мислењата на донаторите.**

**Издавач**
Цивил – Центар за слобода

**За Издавачот:**
Џабир Мемеди Дерала, Претседател на Цивил

**Главен уредник:** Ристо Поповски
**Заменик главен уредник:** Илир Ајдини

**Редакција:**
Јосиф Ќурчиев, Соња Ефтовска, Билјана Здравеска

**Контакти:**
Цивил – Центар за слобода
Максим Горки, 31/1, 1000 Скопје, РМ
www.civil.org.mk
www.civil-mk.blogspot.com
civil.mk@gmail.com
02/5209176

DTP: Archie PRESS
Печати: Аутопринт Т.А. - Скопје
Тираж: 1500 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

070(035)

НОВИНАРСКИ прирачник / [главен уредник Ристо Поповски]. - Скопје : Цивил, 2011. - 69 стр. : илустр. ; 21 см

ISBN 978-9989-2001-3-7
1. Поповски, Ристо [главен уредник]
а) Новинарство-Прирачници
COBISS.MK-ID 89217546

